**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

Бр. 03-15

Скопје 21.11.2018г.

Предмет: Одговор на претставка

Почитувана,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Вашата претставка, спроведе вонреден надзор на изданијата на емисијата емитувани на 22 и 30 октомври и на 08 ноември 2018 година на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ДООЕЛ Скопје.

Надзорот покажа дека се основани наводите од Претставката според кои во овие изданија на емисијата се застапени непристојни коментари, недолични описи, јавно изложување на подбив, погрдна експресивна лексика и можни навреди. Однесувањето и комуникацијата на овој начин се спротивни на начелото за заштита на достоинството на личноста и се непримерни за јавна комуникација преку телевизија, поради што е констатирано прекршување на програмските начела за вршење на дејноста, **односно на член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги: негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста.**

До ТВ Скопје е упатено Известување со укажување да го усогласи своето работење со Законот.

Ви посочуваме дека можете да го користите правото на одговор и исправка, согласно Законот за медиуми или, пред надлежен суд, да покренете граѓанска постапка за навреда, согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Исто така, со оглед на фактот дека почитувањето на професионалните стандарди е предмет на саморегулација, можете да се обратите и до Советот на честа при Здружението на новинарите на Македонија и до Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ).

Извештајот од надзорот е достапен на веб-страницата на Агенцијата.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

0309
2 г
21.11.18

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**